УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ
Бул. Партизански одреди 24, П. Фах 560
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел.: 02/3116-066
dekan@gf.ukim.edu.mk

SS. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE
FACULTY OF CIVIL ENGINEERING - SKOPJE
Blvd. Partizanski odredi 24, P.O. Box 560
1000 Skopje
Republic of North Macedonia
Tel: 389 2 3116 066
dekan@gf.ukim.edu.mk

Врз основа на член 71 став 1 точка 2 од Статутот на Градежниот факултет Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 441/2019), и член 5 и 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 689/2024), Деканатската управа на 206. седницата одржана на 18. 11. 2024 година, ја донесе следната

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје
Бр. 02-01/155-30
26-12-2024 год.

## ОДЛУКА
### за утврдување на дополнителни надоместоци за извршени услуги или трошоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет Скопје

### Член 1
Со ова одлука се прецизираат износите од член 5 и се утврдуваат дополнителните надоместоци поврзани со специфики во реализација на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Градежен факултет Скопје ( во натамошниот текст: Факултетот), од член 8 од Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

| Ред. Бр. | Назив на услугата | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Издавање уверение за положени испити во текот на студиите (член 5, точка 4 од Анексот) | 200,00 |
| 2. | Издавање потврди за статус на студент (член 5, точка 14 од Анексот) | 100,00 |
| 3. | Издавање потврди по разни основи (член 5, точка 15 од Анексот) | 600,00 |

### Член 2
На студентите запишани на прв и на втор циклус студии на Факултетот, им се наплаќаат надоместоци за услуги и трошоци согласно со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и согласно со оваа одлука.

### Член 3
Со влегување во сила на оваа одлука и со Анексот на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и

согласно со оваа одлука, престанува да важи Ценовникот за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административни услуги на Градежниот факултет Скопје, бр. 02-01/104-13 од 13.5.2024 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното објавување во Универзитетски гласник, а ќе започне да се применува од учебната 2024/2025 година.

Декан,

Проф. д-р Горан Марковски

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Градежен факултет Скопје

Доставено до:
- УКИМ
- Архива